**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 бр. 11-210**
**11.07. 2022 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 77/21), а во врска со член 143 став 2 од истиот Закон, Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.11-2724/1 од 06.07.2022 година и Заклучокот арх.бр.02-2732/3 од 08.07.2022 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 26-та седница, одржана на 08.07.2022 година, го донесе следното:

## Решение за
## преземање мерка – јавна опомена

1. **ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА** операторот на јавна електронска комуникациска мрежа, Трговското друштво за производство, трговија и услуги АЛТРА – САТ 2000 ДООЕЛ Охрид, заради тоа што за своите корисници ги реемитувал програмските сервиси „Discovery“, „Eurosport 1“ и „Eurosport 2“, за кои нема регулирани авторски и сродни права согласно Законот за авторското право и сродните права („Службен весник на РМ“ бр.115/10, бр.51/11, бр.147/13, бр.154/15 и бр.27/16).
   Повредата од став 1 од оваа точка специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.11-2724/1 од 06.07.2022 г., кој е составен дел на ова решение како Прилог бр.1.

2. **МУ СЕ НАЛОЖУВА** на операторот на јавна електронска комуникациска мрежа, Трговското друштво за производство, трговија и услуги АЛТРА – САТ 2000 ДООЕЛ Охрид, веднаш по приемот на ова решение да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно да престане да ги реемитува програмските сервиси без регулирани авторски и сродни права.

3. Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор наведен во точка 1 на ова решение, постапил по решението за преземање мерка – јавна опомена.

4. Доколку субјектот на надзорот наведен во точка 1 на ова решение, не постапи по решението односно продолжи со вршење на повредата за која е јавно опоменат, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги согласно член 23 став 1 алинеја 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка пред надлежен суд.

5. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

## О б р а з л о ж е н и е

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ААВМУ) во согласност со член 6 став 1 алинеја 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ) презема мерки во согласност со овој закон во случаите кога е извршена повреда на одредбите од ЗААВМУ или на прописите донесени врз основа на него и условите и обврските од дозволите.

Врз основа на член 28 од ЗААВМУ, ААВМУ е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од овој закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од ААВМУ.

Во рамките на своите законски надлежности, а согласно член 27 и член 28 од ЗААВМУ, Агенцијата на 06.07.2022 г., изврши вонреден програмски надзор на програмските сервиси реемитувани од страна на операторот на јавна електронска комуникациска мрежа, Трговското друштво за производство, трговија и услуги АЛТРА – САТ 2000 ДООЕЛ Охрид, кое според нотификацијата од Агенцијата за електронски комуникации може да врши дејност на територијата на општина Охрид, при што констатираше дека наведениот оператор за своите корисници ги реемитувал програмските сервиси „Discovery“, „Eurosport 1“ и „Eurosport 2“, за кои нема регулирани авторски и сродни права согласно Законот за авторското право и сродните права, што е спротивно на член 143 став 2 од ЗААВМУ. Констатациите од надзорот произлегоа по повод доставената Информација од Discovery Communications Europe Limited (наш арх.бр.11-2246/2 од 05.07.2022 г.), кој ја извести ААВМУ дека од 05.11.2021 г., наведениот оператор нема валиден договор за реемитување на цитираните програмски сервиси (Прилог бр.2). Констатациите од надзорот се детално специфицирани во Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.11-2724/1 од 06.07.2022 г., кој е составен дел на ова решение како Прилог бр.1.

Следствено на тоа, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 1 од ЗААВМУ, а во врска со член 143 став 2 од истиот Закон и Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.11-2724/1 од 06.07.2022 г., поради констатирано непочитување на одредбите од ЗААВМУ, наведено во точка 1 на ова решение, Советот на ААВМУ, донесе решение со кое кон погоре наведениот субјект се презема мерка јавна опомена и му се наложува веднаш по приемот на ова решение да го усогласи своето работење со одредбите од ЗААВМУ, односно да престане да ги реемитува програмските сервиси без регулирани авторски и сродни права, согласно Законот за авторското право и сродните права.

По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, Агенцијата ќе изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали наведениот субјект постапил по решението за преземање мерка - јавна опомена.

Согласно член 24 од ЗААВМУ, ова решение е конечно и против него операторот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Совет,**

____________________
**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение операторот на јавна електронска комуникациска мрежа може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Прилози (2):

- Писмен извештај за извршен програмски надзор (наш арх.бр.11-2724/1 од 06.07.2022 г); и
- Информација од Discovery Communications Europe Limited (наш арх.бр.11-2246/2 од 05.07.2022 г.).

**Доставено до:**
- Операторот на јавна електронска комуникациска мрежа, Трговското друштво за производство, трговија и услуги АЛТРА – САТ 2000 ДООЕЛ Охрид;
- Управителот/одговорно лице на операторот на јавна електронска комуникациска мрежа, Трговското друштво за производство, трговија и услуги АЛТРА – САТ 2000 ДООЕЛ Охрид;
- Секторот за стратешко планирање и заштита на авторски права;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Назначените лица во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за водење на уписникот Уп1; и
- Агенцијата за електронски комуникации на РСМ.

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ - СКОПЈЕ
06.07.2022
11 | 2724 | 1

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Врз основа на член 28 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Закон за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 77/21), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

**1. Програмскиот надзор се врши како:** **вонреден**

**2. Субјекти на надзорот:** Трговско друштво за производство, трговија и услуги АЛТРА - САТ 2000 ДООЕЛ Охрид

**3. Датум на извршување на надзорот:** 06.07.2022 година.

**4. Предмет на надзорот:**

Надзорот се врши врз исполнувањето на обврските утврдени во следниот член од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Закон за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 77/21):

4.1. член 143 став 2 – „Операторот може да реемитува програмски сервиси на радиодифузери од други држави согласно со членот 44 од овој закон и врз основа на регулирани авторски права, согласно Законот за авторските права и сродните права".

**5. Претходно изречени мерки: нема**

**6. Констатации од надзорот:**

Со надзорот беше констатирано дека Трговско друштво за производство, трговија и услуги АЛТРА - САТ 2000 ДООЕЛ Охрид, кое според нотификацијата од Агенцијата за електронски комуникации може да врши дејност на територијата на општина Охрид, за своите корисници ги реемитува програмските сервиси „Discovery", „Eurosport 1" и „Eurosport 2", за кои нема регулирани авторски права согласно Законот за авторското право и сродните права. Ваквата констатација произлезе од доставената информација од Discovery Communications Europe Limited (наш бр.11-2246/2 од 05.07.2022 година) кој ја

информираше Агенцијата дека од 05.11.2021 година, овој оператор нема валиден договор за реемитување на нивните програмски сервиси. Тоа значи дека реемитувањето на погоре наведените програмски сервиси е спротивно на член 143 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**ПРЕДЛОГ МЕРКИ:**

1. Директорот на Агенцијата да му предложи на Советот:

   - да донесе решение со кое на операторот Трговско друштво за производство, трговија и услуги АЛТРА - САТ 2000 ДООЕЛ Охрид ќе му изрече мерка јавна опомена и ќе му наложи веднаш по приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно да престане да ги реемитува програмските сервиси без регулирани авторски и сродни права.
   - да го информира Министерството за внатрешни работи – Центар за сузбивање на организиран и сериозен криминал, дека постои сомневање за повреда на авторските права и сродните права од страна на операторот на јавна електронска комуникациска мрежа АЛТРА - САТ 2000 ДООЕЛ Охрид.

2. Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали операторот постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во решението донесено од страна на Советот на Агенцијата.

**Одделение за заштита на авторски права, Сектор за стратешко планирање и авторски права**

Листа на нотифицирани субјекти

Почетен датум: /
Географско подрачје: /
Тип на нотификација: /
Целосен назив: Трговско друштво за производство, трговија и услуги АЛТРА -САТ 2000 ДООЕЛ Охрид
бул. „Македонски Просветители“ бб Трговски Центар Охриѓанка
Охрид

| Оператор | Мрежа/Услуга | Тип на услуга | Географско подрачје | Вид на мрежа | Датум на услугата | Краен датум |
|---|---|---|---|---|---|---|
| АЛТРА -САТ 2000 ДООЕЛ Охрид | Јавна кабелска мрежа | Локално географско подрачје | општина Охрид | Сопствена | 05.12.2005 | |

Потврдено од Агенција за електронски комуникации на датум:
06.07.2022

Agency for Audio and Audiovisual Media Services (AVMU)
„Panko Brashnarov" Palace str.
„Makedonija" no. 38, 1000 Skopje,
Republic of North Macedonia
("Agency" or "you")

08-07-2022
11 2246/2 1

FAO: Vladimir Gjorgjieski - head of department for fight against piracy and protection of copyright and related rights

Dated: July 4, 2022 | 12:18 P

BY EMAIL

Dear Sirs,

Re: Unauthorised distribution of DCEL's content by ALTRA-SAT 2000 DOOEL OHRID

We refer to the email received by Yosif Starkov on behalf of Discovery Communications Europe Limited ("DCEL") on 28 June 2022 from Vladimir Gjorgjieski on behalf of the Agency, enquiring about the nature of the distribution of DCEL's content, including but not limited to the following channels: "Discovery Channel", "Animal Planet", "TLC", "ID", "Discovery Science", "DTX", "Travel Channel", "Food Network", "HGTV", "Eurosport 1" and "Eurosport 2", by ALTRA-SAT 2000 DOOEL OHRID (the "**Operator**") (the "**Notification**").

Further to the Notification, we write to inform you that, as of 5 November 2021 (the "**Termination Date**"), there is no active distribution agreement between DCEL and the Operator and therefore any distribution of DCEL's content by the Operator after the Termination Date should be considered unauthorised.

DCEL reserves all of its rights in this matter.

Yours faithfully,

DocuSigned by:
Caroline Hartley
7E9845956D7B40D...

For and on behalf of
DISCOVERY COMMUNICATIONS EUROPE LIMITED